ОПШТИНА БИТОЛА

Одделение за имот и имотно правни работи

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Општина Битола ги известува сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема на територијата на Општина Битола дека се должни заклучно со 10.08.2023 година да поднесат барање за склучување на анекси кон основните договори, согласно Одлуката бр. 09-55/5 од 31.05.2023 година донесена од Советот на Општина Битола и објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ број 8 од 01.06.2023 година.

Анекс кон основниот договор за користење на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема можат да склучат субјектите кои вршат дејност во поставената урбана опрема, при што дејноста мора да биде во согласност со договорот и Законот за градење.

Сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои ги исполнуваат условите за склучување на анекс и кои имаат намера да склучат анекс кон основниот договор должни се да поднесат до Општина Битола барање за склучување на анекс кон основниот договор најдоцна до 10.08.2023 година.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои нема да поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор до 10.08.2023 година, ќе бидат должни да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба најдоцна до 09.09.2023 година.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор, а за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите за склучување на анекс, ќе бидат должни да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за неисполнување на условите за склучување на анекс кон основниот договор.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе склучат анекс за користење на земјиштето до 30.06.2025 година, можат да го платат целокупниот утврден надоместок за користење на земјиштето до 30.06.2025 година еднократно или најмногу на четири рати, од кои:

-првата рата се должни да ја платат во рок од 15 дена од денот на склучувањето на анексот

- втората рата се должни да ја платат најдоцна до 31.12.2023 година

- третата рата се должни да ја платат најдоцна до 30.06.2024 година

-четвртата рата се должни да ја платат најдоцна до 31.12.2024 година

Доколку корисникот на земјиштето не го плаќа надоместокот согласно наведеното, ќе се смета дека договорот и сите анекси кон него се раскинати со датумот на доспеаност на првата неплатена рата и во тој случај корисникот ќе биде должен да ја отстрани поставената урбана опрема и да го врати земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од денот на доспеаност на ратата.

Одделение за имот и
имотно правни работи

Битола,

11.07.2023 година